До
Основен суд Кичево

**СТ.бр. 57/06**

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот Основен суд Кичево ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Решение на Основен суд Кичево ВПП 6/14 од 28.10.2014 година со кое се одбива предлогот на [redacted] стечаен управник на [redacted] во стечај Кичево за легализација на имот;

2. Пресуда на Апелационен суд Гостивар од 20.03.2015 година, по вложената жалба на стечајниот управник на [redacted] во стечај, против Решението од точка 1 со која се укинала првостепената одлука на ОС Кичево ВПП 6/14 од 28.10.2014 година и предметот е вратен на повтроно одлучување;

3. Одлука на Основниот суд Кичево донесена при повторно одлучување во овој предмет.

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

Барател на информацијата: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

Во Скопје

Датум: 05.03.2021 година

[redacted]

**Република Македонија**
**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО**
**СПИ.бр.11/2018**
**12.09.2018 година**
**К и ч е в о**

**ДО :**

**Транспаренси Интернешнл Македонија**
**Ул.„Наум Наумовски Борче" бр.58,1000**
**Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Достава на известување**

Во врска со вашето барање бр.0302-192 од 24.08.2018 година, во прилог на ова писмо, Ви доставуваме известување од 12.09.2018 година.

Со почит!

Претседател на судот
М-р. Баки Алили

Република Македонија
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
СПИ.бр.11/2018
12.09.2018 година
К и ч е в о

ДО :

[redacted]

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Во врска со вашето барање бр.0302-192 од 24.08.2018 година, Ви доставуваме:Планот за распределба на средствата на стечајниот управник, прифатен од одборот на доверители на стечајниот должник [redacted] ДОО во стечај во СТ.бр.57/06, и завршниот извештај и завршната сметка на стечајниот управник усвоени од страна на ОС Кичево во СТ.бр.57/06.

Службено лице за
посредување со информации

Ст бр 57/06

До ОСНОВЕН СУД Кичево
стечаен судија
одбор на доверители

[redacted]

**ПРЕДМЕТ- КОНЕЧНА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА**

Врз основа на Одлуката на Одборот на доверители од 11-11-2015 г до членовите на Одборот на доверители се доставува следниот предлог план за конечна распределба на средства за нивно изјаснување .

| | ДОВЕРИТЕЛ | ИЗНОС | % | ИЗНОС ЗА РАСПРЕДЕЛБА |
|---|---|---|---|---|
| [redacted] | [redacted] | 15.905.735,00 | 7,403 | 448.783,47 |
| [redacted] | [redacted] | 17.661.260,00 | 8,220 | 498.315,96 |
| [redacted] | [redacted] | 1.350.000,00 | 0,628 | 38.090,52 |
| [redacted] | [redacted] | 54.789,00 | 0,026 | 1.545,88 |
| [redacted] | [redacted] | 456.405,00 | 0,212 | 12.877,56 |
| [redacted] | [redacted] | 21.151,00 | 0,010 | 596,78 |
| [redacted] | [redacted] | 681.828,00 | 0,317 | 19.237,91 |
| [redacted] | [redacted] | 697.320,00 | 0,325 | 19.675,02 |
| [redacted] | [redacted] | 48.303.738,00 | 22,483 | 1.362.899,57 |
| [redacted] | [redacted] | 56.400,00 | 0,026 | 1.591,34 |
| [redacted] | [redacted] | 169.204,00 | 0,079 | 4.774,12 |
| [redacted] | [redacted] | 458.395,00 | 0,213 | 12.933,71 |
| [redacted] | [redacted] | 865.530,00 | 0,403 | 24.421,10 |
| [redacted] | [redacted] | 5.543.397,00 | 2,580 | 156.408,05 |
| [redacted] | [redacted] | 2.251.080,00 | 1,048 | 63.514,67 |
| [redacted] | [redacted] | 72.164.890,00 | 33,589 | 2.036.146,71 |
| [redacted] | [redacted] | 9.109.447,00 | 4,240 | 257.024,86 |
| [redacted] | [redacted] | 8.773.811,00 | 4,084 | 247.554,82 |
| [redacted] | [redacted] | 17.572.033,00 | 8,179 | 495.798,40 |
| [redacted] | [redacted] | 836.013,00 | 0,389 | 23.588,27 |
| [redacted] | [redacted] | 14.212,00 | 0,007 | 400,99 |
| [redacted] | [redacted] | 169.956,00 | 0,079 | 4.795,34 |
| [redacted] | [redacted] | 11.682.394,00 | 5,437 | 329.621,07 |
| [redacted] | [redacted] | 49.756,00 | 0,023 | 1.403,88 |
| | [redacted] | 214.848.744,00 | 100,000 | 6.062.000,00 |
| | [redacted] | 6.062.000,00 | | |

Кичево 11-11-2015 г

[redacted]

**Ст бр 57/06**

**ДО Основен суд Кичево**

**[redacted] во стечај Кичево**

## ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ И ЗАВРШНА СМЕТКА

Стечајната постапка над [redacted] во стечај од Кичево е отворена со Решение Ст бр 57/2006 на ден 09-10-2006 Г .
На ден 20-11-2006 г по одржување на Испитно рочиште донесено е решение за пријавени и прифатени побарувања .

## ТАБЕЛА НА ПРИФАТЕНО ПОБАРУВАЊА СО ПРОЦЕНТИ

| | ДОВЕРИТЕЛ | ИЗНОС | % |
|---|---|---|---|
| [redacted] | [redacted] | 15.905.735,00 | 7,403 |
| [redacted] | [redacted] | 17.661.260,00 | 8,220 |
| [redacted] | [redacted] | 1.350.000,00 | 0,628 |
| [redacted] | [redacted] | 54.789,00 | 0,026 |
| [redacted] | [redacted] | 456.405,00 | 0,212 |
| [redacted] | [redacted] | 21.151,00 | 0,010 |
| [redacted] | [redacted] | 681.828,00 | 0,317 |
| [redacted] | [redacted] | 697.320,00 | 0,325 |
| [redacted] | [redacted] | 48.303.738,00 | 22,483 |
| [redacted] | [redacted] | 56.400,00 | 0,026 |
| [redacted] | [redacted] | 169.204,00 | 0,079 |
| [redacted] | [redacted] | 458.395,00 | 0,213 |
| [redacted] | [redacted] | 865.530,00 | 0,403 |
| [redacted] | [redacted] | 5.543.397,00 | 2,580 |
| [redacted] | [redacted] | 2.251.080,00 | 1,048 |
| [redacted] | [redacted] | 72.164.890,00 | 33,589 |
| [redacted] | [redacted] | 9.109.447,00 | 4,240 |
| [redacted] | [redacted] | 8.773.811,00 | 4,084 |
| [redacted] | [redacted] | 17.572.033,00 | 8,179 |
| [redacted] | [redacted] | 836.013,00 | 0,389 |
| [redacted] | [redacted] | 14.212,00 | 0,007 |
| [redacted] | [redacted] | 169.956,00 | 0,079 |
| [redacted] | [redacted] | 11.682.394,00 | 5,437 |
| [redacted] | [redacted] | 49.756,00 | 0,023 |
| | [redacted] | 214.848.744,00 | 100,000 |

На ден 19-02-2007 г Одборот на доверители се запозна и ја разгледа проценката на имотот изготвена од овластен проценител .
Проценет беше следниот имот -

**ОПРЕМА со проценет вредност од ---538.052,00 еур**
**ЗАЛИХА НА СИТЕН ИНВЕНТАР –85.161 еур**
**ВКУПНО ПРОЦЕНЕТ ИМОТ -- -623.213 еур**

Од предходно прикажаното уште на 19-02-2007 г се гледа дека односот на вредноста на проценетиот имот во вкупните побарувања изнесува 18%. Ова покажува дека располагаме со имот кој има многу низок претпоставен процент на наплата на доверителите .

На истата седница Одборот на доверители ,донесе одлука за објава на оглас за продажба во два весници по цена од 623.213 еур .

На ден 19-04-2007 г Одржана е седница на Одборот на доверители и се известени дека на објавениот оглас не се јави заинтересиран понудувач.

На ден 29-04-2008 г По повторно објавен оглас се одржа лицитација во присаство на Одборот на доверители и Понудувачот [redacted] понуди износ од 120.000 еур . Понудата не беше прифатена затоа што беше испод проценетаат цена .

На ден 23-09-2008 г објавен е повторен оглас за продажба по пат на непосредна спогодба .

На ден 02-10-2008 г одржано е Собрание на доверители во Основен суд Кичево кое собрание го водеше судијата Абдула Лимани . На самото собрание е прифатена понудата од купувачот [redacted] од . Гостивар . За 181.000 еур. На самото собрание купувачот даде изјава дека цената ќе ја плати во рок од 3 дена .

На ден 08-10-2008 г донесено е решение за продажба на имотот .

Од 05-05-2010 г седниците на Одборот на доверители се одржуваат во Основен сду Кичево..

После целосна доплата на износот од страна на купувачот На ден 16-03-2011 г донесено е решение со кое ми се наложува да извршам примопредавање на имотот на купувачот .

Предавањето на имотот беше оневозможено затоа што истиот се најдуваше во туѓи простории и сопственикот на објектите водеше спор за иселување на машините уште пред одпочнување на стечајната постапка и истиот спор го продолжи и во тек на стечајната постапка
Тоа нешто е констатирано и на седницата на Одборот на доверители одржано на ден 27-10-2010 г .

Поради тие причини предавањето не беше возможно и со интервенции во МВР како од моја страна така и од страна на судијата .

Конечно предавање е извршено на ден 11-04-2011 год .
За цело време на стечајната постапка фирмата [redacted] од Кичево кој е сопственик на објектите во кои се најдуваше стечајната маса имаше заведен спор уште пред одпочнување на стечајната постапка а со цел иселување на машините како и барање за надомест на штета .
Токму поради ова небеше можно да се врши распредлба на средства затоа што во текот на судската постапка имаше пресуди кои беа во корист на тужителот ,блокажи на сметка и сл .

На седницата на Одборот на доверители на ден 19-10-2016 г известен сум од судијата дека во јуни 2016 г завршиле сите постапки во наша корист .На оваа седница Одборот на доверители донесе одлука да се пристапи кон распределба на средствата ,изгласан е планот за распределба и согласно одлуките на Одборот на доверители се пристапи и кон распределба на средствата .

Поради постојаното тврдење на поранешно вработените дека има и друг недвижен имоти а за да го утврдам тоа од моја страна превземено е следно .

На ден 15-04-2010 г согласно Одлуката на Одборот на доверители , Склучов договор за вршење на геодетски работи со [redacted] од Кичево со предмет на договор да утврди ,дали има имот кој се води на [redacted] од како ќе се одземе имотот кој е предмет на хипотека на Фирмата [redacted] Кичево

За таа цел е изготвен комплет елаборат со објаснување за одредени објекти .

Согласно Елаборатот на ден 02-09-2011г поднесов барање за легализација до Општина Кичево согласно важечкиот закон за легализација ,.

Со стапување на новиот закон за легализација во стечај на ден 05-02-2014 г ги повлеков барањата од Општина Кичево .

На ден 26-03-2014 г до Основен суд Кичево поведов постапка за легализацијач.
На ден 28-10-2014 г Основниот суд Кичево носи решение ВПП 6/14 со кое се одбива предлогот.
На ден 02-12-2014 г поднесувам Жалба до Апелационен суд Гостивар
на ден 20-03-2015 г Апелационен суд Гостивар ја Укинува првостепената пресуда и ја враќа на повторно одлучување на првостепениот суд .
На ден 13-05-2015 г по прием на пресудата од Апелација доставив известие до стечајниот судија за насоки за понатамошно постапување. .

Во текот на стечајната постапка направени се следните приливи и одливи на средства .

**1- ВКУПЕН ПРИЛИВ НА СРДСТВА ------------------------------ 12.010.756,00 ДЕН**

**2- ВКУПЕН ОДЛИВ НА СРЕДСТВА -------------------------------12.008.837,00 ДЕН**

**1- Провизија ------------------------------------------------24.467,00 ден**

**2- Трошоци за ад, такси цент регистар,**
**извршител огласи ------------------------------------ 6.909,00 ден**

**3- Електрична енергија ------------------------------------- 30.000,00 ден**

**4-Канцелариски материјал ----------------------------------- 8.300,00 ден**

**5-Чуварска служба ---------------------------------------------692.000,00 ден**

**6-Проценител ,извршител адвокат**
**елаборат-------------------------------------------------------- 476.825,00 ден**

**7-Ангажирани лица ------------------------------------------- 99.600,00 ден**

**8- Превоз телефон ------------------------------------------- 48.850,00 ден**

**9-ДДВ --------------------------------------------------------------- 177.578,00 ден**

**10-Одбор на доверители -------------------------------------- 423.000,00 ден**

**11-Награда стечан управник --------------------------------- 423.600,00 ден**

**12-Персонален данок------------------------------------------ ----218.378,00 ден**

**13-Бруто плати поранешно вработени ----------------- 4.665.813,00 ден**

**14-Распределба на доверители --------------------------- 4.672.517,00 ден**

**15-Депонирани средства во Основен суд Кичево ----- 41.000,00 ден**

**Салдо на сметка --------------------------------------------------- 1.900,00 ден**

**Кичево 08-02-2017 г**

[redacted]